ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
бр. 0307-181/1
14.02. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 став (1) и став (5) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и Решение од Министерство за правда заверено под број од ________ .2023 година, на ден 14.02.2023 година, склучен е:

# ДОГОВОР

за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош на настраданото население во Турција и Сирија зафатено од катастрофален земјотрес помеѓу договорните страни:

1. **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА,** со седиште на ул. „Јордан Мијалков“ , Палата „Емануел Чучков“, Скопје, **претставувано од главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски** (во натамошниот текст: Давател на донацијата) од една страна,

   и

2. **Црвен крст на Република Северна Македонија**, со седиште бул Кочо Рацин бр 13, ЕДБ 4030984271620, депонент на Комерцијална банка, Фонд за солидарност, сметка број 300000001327966, застапувана од д-р Саит Саити генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: **Прималел на донација**)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој Договор е примање на донација во вид на парични средства во износ од 100.000,00 денари, кои ќе се користат од Примателот на донацијата како хуманитарна помош за настраданото население во Турција и Сирија зафатено од катастрофален земјотрес кој се случи на 06.02.2023 година

Примателот се обврзува средствата од став 1 на овој член да ги распредели според потребите на државите погодени од земојтресот и тоа на сметка на Турската Црвена Полумесечина за поддршка на настраданото население од земјотресот во Република Турција и на сметка на Меѓународната Федерација на

Црвен крст и Црвена Полумесечина за поддршка на настраданото население во Сириска Арапска Република.

## II. ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Целта на оваа донација е поддршка на дејностите од јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности од страна на Примателот на донацијата со цел давање материјална и финансиска помош на настраданото население во Турција и Сирија зафатено од катастрофален земјотрес.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

Член 3

(1) Давателот на донацијата се обврзува:

- Предметот од член 1 од овој Договор да му го додели на Примателот на донацијата, односно паричните средства да ги уплати на трансакциска сметка, и тоа:

Приматeл: Фондот на солидарноста на Црвениот крст на Република Северна Македонија

Сметката на примателот: 300000001327966,

даночен број: 4030984271620

Носител на платен промет: АД Комерцијална банка

со назнака: помош на настраданото население во Турција и Сирија зафатено од катастрофален земјотрес

- Да достави Извештај за дадена донација (образец „УЈП-ИДС/ДВ)"

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

Член 4

Примателот на донацијата:

- се обврзува сите примени средства врз основа на овој Договор да се искористени за помош и поддршка на настраданото население во Турција и Сирија зафатено од катастрофален земјотрес од страна на Примателот на донацијата;
- Да го извести Дavателот на донацијата најбрзо што може доколку настанат значителни отстапувања во суштината или во текот на активностите на донацијата;

Член 5

Примателот на донацијата се обврзува да изготви Извештај за донацијата.

Извештајот ќе ги содржи следните податоци:

- име и назив на дavателот и на примателот на донацијата;
- име и назив на крајниот корисник;
- опис на предметот на донацијата;
- крајна употреба на предметот на донацијата;
- други податоци.

## V. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 6

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| ДАВАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА | ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА |
|---|---|
| **Државен завод за ревизија** | **Црвен крст на РСМ** |
| **Главен државен ревизор** | **Генерален секретар** |
| **М-р Максим Ацевски** | **Д-р Саит Саити** |

Изработил: м-р Весна Богдановиќ

Контролирал: м-р Александар Поповски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-239/2
14.02.2023 год.
СКОПЈЕ - SHKUP